Можности за невработените жени во Македонија

Документација на проектот за обука

Project funded by the European Union

"Подобрување на шансите за вработување на Жените од Етничките Заедници преку профилирање/оценување, програми за обука и консалтинг за работа"

Imprint:

Publisher:
Internationaler Bund (IB) e.V.
Verbund Württemberg
Heusteigstr. 90-92
70180 Stuttgart
Germany
Phone +49711 6454-412
Fax +49711 6454-589
Internet:
www.internationaler-bund.de
Project website: www.quali4women.org

This handbook is available in Macedonian, English, Roma, Albanian and Turkish.
Project Manager: Gabriela Maraha
Pictures: Internationaler Bund, Derya, Irhom Topaana, Women's Forum
April 2014

"Ова дело е објавено со помош на Европската Унија. Содржината на ова дело е целосна одговорност на Internationaler Bund e.V., Derya, Irhom Topaana и Форумот на жените и во ниеден случај не ги пренесува сфакањата на Европската Унија."

Проектот „квалификација за жените од малцинските заедници преку профилирањето, програмите за обучување и советувањата за вработување" (МНЖМ), договор број 09-38047/1, е финансиран од Европската Унија во склоп на рамката на Оперативната Програма за менаџирање на Човечки Ресурси 2007-2013 (IPA Component IV).

Содржина

Проектот и неговите концепти 4
Организациите за Спроведување....6
Активности на проектот 9
Курсеви за стручна обука 10
Курсеви за обука во Скопје 10
Обучувачки Курсеви во Тетово 13
Курсеви за обука во Радовиш 14
Програма за едукативна подршка 15
Курс по Бизнис 16
Пренос на знаење....18
КЖЕЗ факти и бројки....19
Резултати и одзив од Таргет Групата 20
Препораки во одржување курсеви за обука 22
Аплицирање за Фондови од ЕУ 24

Проектот и неговите концепти

За што се работи во овој проект?

МНЖМ стои за „квалификација за жените од малцинските заедници преку профилирањето, програмите за обука и советувањето за работа“. Ова е проект финансиран од Оперативната Програма за Менаџирање на Човечки Ресурси 2007-2013 (IPA Component IV и цели кон подобрување на шансите за вработување на жените од етничките заедници во Македонија. Проектот е започнат во Ноември 2012 за период од 17 месеци.

Кои се целите?

Проектот има две цели, кои се меѓуповрзани: главната цел е да се подобрат шансите за вработување на жените од етницките заедници во Македонија со здобивање на можноста за стручна обука. Друга цел е да се изгради капацитетот на 3 партнерски организации и истите да го подржат со ширење на нивните активности за да се помогнат жените на ранливите категории на популацијата во Скопје и во областите околу Тетово и Радовиш решавајки го проблемот на невработување. Курсот за обука придонесува кон социјалното и економското интергрирање како и подобрување на условите за живеење на учесниците. Овие жени се навраќаат на едукативниот систем со помош на стручна обука којашто ја покачува нивната конкурентност во пазарот на трудот како и шансите за вработување во јавниот и приватниот сектор.

Контекст

Активностите беа насочени кон етничките заедници какошто се жените припаднички на турскиот , ромскиот, српскиот, босанскиот како и албанскиот етникум. Идеата за овој проект дојде од потребата за имање на образовани луѓе од редовите на етничките заедници. Многу луѓе од помалите етнички заедници го напуштаат образовниот систем многу рано. Причините за ова биле нискиот социјален статус, културата и традицијата како и ниското ниво на свст во минатото. Во Македонија, жените главно имаат мали шанси во пазарот на трудот и само мал дел од нив добива стручна обука. Поради генерално малите плати во споредба со другуите Европски држави, жените имаат потреба од извор на прилив за да можат да се одржат себеси и/или нивните фамилии.

Проблемите кои што треба да се адресираат се високата стапка на невработеност како и недоволната вработеност меѓу жените на етничките заедници, недостатокот на стручна квалификација, пристапот и снабдувањето со можноста за стручна обука на возрасните, недостатокот на свеста за економската состојба и граѓански права и законот за труд како и целокупната слаба јавна улога на жените во јавноста. Трите имплементирачки организации имаат работено со жените од етничките заедници долги години. Тие се убедени во способностите и вештините на овие жени.

Поглед кон активностите на овој проект

Активностите на овој проект се дизајнирани за да се постигне вклучувањето на жените во пазарот на трудот како и да се подржи нивното претприеништво на долг рок. Конзорциумот идентификуваше стратегија на обука ориентирана според потребите којашто ги квалификува си спрема жените од етничките заедници за влегување во трудот на пазарот и создавање на нивен сопствен бизнис. Жените учеснички добија понуда за профилирање & оценување со последователни стручни можности за стручна подготовки коишто беа наменети за нивните потреби и побарувања. Жените добија професионално спремање во одделни насоки со помош на курсевите за стручна подготовка. Курсевите за подршка на почетокот и до крајот на курсевите беа насочени кон подигање на самодовоербата кај жените како и помагање на истите за да најдат работа. За време на овие едукативни недели, жените исто така научија за нивниот труд и граѓански права како и за начинот и можностите за активно партиципирање во граѓанскиот сект. Можностите за обука беа структурирани на тој начин што жените од етничките заедници можеа лесно да учествуваат. Исто така беше понудена и помош за децата додека траеше курсот.

Горно лево: традиционален фустан скроен за време на курсот по кроење во Радовиш
Горно десно: курсот по компјутери во Топаана
Средина: учесничките во Радовиш со традиционално носја
Долно лево: Учесничка во Тетово со сертификат
Долно десно: Учење за апликативните процедури во Топаана

Организациите за Спроведување

Проектот беше развиен во форма на партнеритет помеѓу Германски и Македонски организации. Конзорциумот на проектот се водеше од Германскиот Internationaler Bund e.V. и се состоеше од искусни партнери во проектот којшто работеше со жените од различни малцински заедници во Македонија: Derya главно со Турчинки, Форумот на Жените со Албанки, и Irhom Topaana со Ромки. Сите четири организации беа активно вклучени во развивањето и имплементацијата на проектот. Менаџирањето на локалните организации беше потпомогано на таков начин што тие би можеле да ја играат улогата како партнер на државните органи и да се однесуваат како снабдувач на споредни услуги. Истотака, менаџирањето на центрите за обука беше нудено како помош за контрола и одржување на институциите за обука. Проектот беше мониториран од Договорниот Орган, Министерството за Финансии на Македонија, Министерството за Труд и Социјална политика.

Internationaler Bund (IB) e. V. – Verbund Wuerttemberg припаѓа на Internationaler Bund којашто е една од најголемите Германски не профитабилни организации за обука, труд на младите и социјална работа. Има повеќе од 700 центри и единици во скоро 300 локации низ цела Германија.

Главните активности на IB Wuerttemberg вклучуваат голема програма за стручна обука за луѓето со пречки на развојот, советување за кариера за млади и возрасни како и за маргинализирани групи како што се жените и имигрантите. Додатно, активностите вклучуваат и промоција на социјалната интеграција преку стручна ориентација, обука и понатамошна едукација.

Главните области на активност се фокусираат на стручна обука во повеќе од 30 професии. Покрај тоа, таму има и групи за рехабилитација, стручна ориентација и подготовки. IB исто така нуди обука надвор од работата, подржувачки обуки, повторна обука, понатамошна едукација, засолнички куќи и советување. Други области на активност се проекти за создавање на работни места, социјална услуга (волонтерска социјална работа) и координација со меѓународните едукативни проекти.

За многу години истата има одржано меѓународни едукативни проекти со партнери од повеќето држави на светот. Знаењето во менаџирањето на проектите и стратегиите за глобална соработка овозможуваат таа да се однесува на флексибилен и начин со самодоверба во областа на работа со меѓународни едукативни проекти. Таа е носител на повеќе врсти на проекти со мрежа на партнерски организации низ цела Европа и ширум светот. Со помош на овие проекти, се помага во создавањето на центрите за обука и се развиваат иновации коишто се воведуваат во обуката, повторното обучување и квалификација.

За повеќе информации посетете не во www.internationaler-bund.de

Организацијата на Турските Жени во Македонија „Derya“

е невладина, мулти културална, не профитабилна организација во Република Македониа. Derya е установана во Скопје во 1999 со цел да иницира активности за зајакнување и вклучување на жените во јавниот живот во Македонија. Derya има 300 волонтерски членови од разлчични етнички и верски заедници. Главната мисија на истата е да се дефинираат правата на жените, да се почитува нивниот глас, да се иницира нивната еманципација, како и да се овозможи нивната целосна интеграција во секое јавно групирање, како едукација на различни предмети, како медицина и здравство, демократија, зацврстување на граѓанскиот сектор, решавање на конфликти и итн.Проектите на оваа организација целат кон едукација, подршка и охрабрување на жените да се борат за нивното право за учество во политиката, правата на жените и човековите права, еднаквост меѓу половите, обука за здравјето, еднаквото партиципирање на мажите и жените во процесот на носење одлуки. Активностите на Derya се главно насочени кон организирање на работни групи за жените, подигање на нивната свест за еднаквост меѓу половите и обновување на нивната доверба во меѓучовечките и меѓуетничките односи и толеранција.

Сузана Мусли, Извршен директор на Derya

“Овој проект беше голема можност за засилување на капацитетите на човечките ресурси на нашето НВО. Јас сум горда што успеавме во имплементација на таков голем проект на Република Македонија. Сега ја имаме силата и капацитете за да работиме во слични проекти во иднина. Овој проект беше многу важен за Турската заедница којашто живее во Македонија и OTWM Derya е првата НВО со Турска позадина којашто го имплементира проектот на Ipa IV Component”

Форумот на Жените во Тетово (ФЖ) е невладина, не политичка, непрофитабилна и хуманитарна асоцијација основана во јануари 2001 во Тетово. Нејзината главна цел е да се промовираат жените како еднакво способни луѓе во процесот на носење одлуки и придонес во зајакнувањето на жените на тој начин што ќе играат улога во развивањето на цивилниот сектор во Македонија.

Женскиот Форум Тетово се фокусира во еманципација на жените, особено во руралните средини, подигањето наа самодовербата и свеста за нејзиниот нееднаквен статус во општеството, одбрана на човековите права и еднаквоста на половите. ФЖ придонесува во подигање на свеста кај Жените за нивната самостојност и зајкнување на нивната самодоверба за неограничена интеграција во јавноста.

ФЖ е лоциран во Тетово, но исто така има активности во северна и западна Македонија. Има околу шеесет членови коишто се активно вмешани во активностите на организацијата. Членовите на ФЖ имаат искуство при работа со деца и жени. Тие имаат учествувано и работено во повеќе семинари и проекти наменети за едукација на жените и децата. \

Здружение на Граѓаните “Irhom Topaana” има мисија да ја подига свеста за важноста на едукацијата во Ромската популација во Скопје, да ја подржи социјалната интеграција на децата со пречки во развој како и да се бори против предрасудите и нивниот нееднаквен третман. Ирхом основаше три едукативни центри во средините на Ромскиот крај Топаана во Скопје кои што стана често посетени едукативни центри и за децата и за жените. Главната цел е да се подига свеста на социјално загрозените Ромски фамилии за важноста на образованието и да ги реализира не само декларативно туку и уставно еднаквиот третман на Ромските деца.

Активностите се насочени кон помагање на социјално загрозените Ромски деца при нивниот образовен процес. За оваа цел Irhom имплементираше проект „Рамо до Рамо“ преку кој осумдесет деца од основните училишта и забавишта на дневна база бесплатно го посетуваа центарот за обука. Тука децата од социјално загрозените семејства имаа шанса да бидат потпомагани од дипломирани обучувачи коишто им помагаа на нив со потешкотиите со кои се соочуваа секојдневно. Ирхом исто така вршеше големи напори за да ги врати жените назад во образовниот систем.

Активности на проектот

Глнавната активност на КЖЕ3 проектот е да им се нуди на невработените жени од етничките заедници стручни обѕчувачки курсеви во релевантните професии во пазарот на трудот како што се компјутерот, шиење, везење, шипање, чистење на куќи/готвење како и курсеви за јазици на Македонски, Албански и Турски. За ова намена беа потребни добро опремени обучувачки простории и развивање на обучувачки материјали, наставна програма и најдобри практики за документација како и за вклучување и обучување на учители. Три македонски партнерски организации беа обучувани од страна на ІВ за да се постигнат овие цели во професионален и ефикасен начин.

Овие курсеви во Скопје, Радовиш и Тетово беа бесплатни за учесниците. Секој курс траеше 12 недели и беше комбиниран со подржана едукативна програма при која жените се здобиваа со нови способности и компетенции, добиваа информации за работи како што се само-вработувањето, граѓански права, законите за работа, домашно насилство, формалности при аплицирање итн. Со завршување на два курсни периода, жените имаа можност да следат курс за развивање на бизнис.

Жените учеснички најпрвин поминаа низ профилирање, за да се утврдат нивните индувидуални способности и образовно ниво. После ова беше возможно да се развива персонален план во склоп на нивните индивидуални компетенции и интереси. Врз база на овој план беше дадена адекватна професионална ориентација и кариера за секоја жена. За да се организира редовна посетеност на жените, беше понудена згрижување за децата заедно со курсот.

Повеќето учеснички беа заинтересирани за ракотворби и курсот по компјутери бидејќи сертификатите во ракотворби како везење и фризерство значително ја зголемуваа нивната шанса за конкуретност на пазарот на трудот. Професиите за ракотворби како што е фризерството се најпопуларни области особено за тие што сметаат да се само-вработат. Текстилната индустрија е најпроширена гранка во Македонската економија со учество од 2.4 % во БДП-то. Таа игра критична улога во економијата и социјалната благосостојба во повеќето региони во Македонија. Според последните достапни структурни податоци, во 2011 имало околу 800 компании кои вработувале над 40.000 луѓе кои се околу 35% од индустриското вработување. Можностите за возрасните да го продолжат нивното образование во секторите за стручна обука како и да е се ретки.

Хириша Реџепи, обучувач во курсот за Везење и Имране Салихи обучувач за Фризерство во Тетово *“Учесниците покажаа голем интерес и мотивација при нивната работа. Тие редовно го посетија курсот. Тоа што не задоволува највеќе е нивниот успеѫ и нивното постигање за последните три месеци. Тие жени демонстрираа високо ниво на посветување, разбирање и мотивација при нивните задачи во курсот. Недоволниот број на машини беше пречка за жените за да ги постигнат задачите на време. Повеќето жени сеуште се заинтересирани за да за да го посетат курсот.”*

Курсеви за стручна обука

Курсеви за обука во Скопје

Два тренинг центри беа основани во Скопје, од кои едниот е лоциран во Рома областа во Топаана. Потребата за обучување во склоп на проектот ги надмина очекувањата. Жените почнаа да се запишат во курсевите за обука неколку месеци пред да почне истиот.

Повеќето сентри за обука го намдминаа планираниот број од 10 уќесника. Курсевите за стручна обука спроведени од Derya во Општина Чаир беа многу хетерогени што се однесува до етничкото потекло на жените.

Економскиот сектор во Скопје има недостаток на персонал којшто зборува во повеќе јазици присутни во Македонија. Турските фирми повеќе даваат предност да се вработат луѓе со познавање на Турскиот јазик. Здравствениот сектор има потреба за персонал којшто ќе комуницира со Албански клинети. ИТ способностите се потребни за повеќето професии, но во многу етнички заедници жените имаат само минимално познавање на истиот. Иако курсот по ракотворба на крај излезе како многу успешен особено со фактот за вработување на жените, капацитетот за повеќе курсеви за везење и за фризерство беа ограничени.

Марјана Ѓорѓиеска, Менаџер за Обука Derya:

“На почетокот на проектот проект менаџерите поминаа низ тежок период: новиот начин на архивирање и тендерска постапка ја отежна нашата работа. Иако имавме некои искуства со овие проседури, наскоро дознавме дека процесот со IPA IV проектите е различен. Како и да е, сепак успеавме да се снајдеме со овие измени. Дискусиите со жените и радоста која што зрачење од нивните очи, беше голем потик за мене да се соочиме и да ги решиме сите овие потешкотии. И ние успеавме! Ја завршивме втората фаза за стручна обука во осум различни локации. Бројот на заинтересираните жени беше перманентно зголемен и тоа беше знак за нашиот успех.

Ние успеавме да им помогнеме на многу жени. Многу жени никогаш немаат посетено вакви курсеви порано; други никогаш немаат излезено освен до маркет, многу жени беа депресивни во врска со нивната животна ситуација. Поминавме убаво и учевме заедно. Ние станавме едно големо семејство.

Курсот за Везење и Шивање во Скопје

Курсот за компјутери во Скопје

Учесници и обучувачи во курсот за компјутерти во Скопје

A process of tailoring in Topaana:
(1) marking the cuts…
(2) … cutting …
(3) … sewing …
(4) … finally enjoying the result!

ТОПААНА е главно Ромска населба. Курсевите за обука се одржаа во срцето на Топаана каде што Irhom ги има нејзните канцеларии и основаше центар за обука на деца и жени. Жени од Шуто Оризари, голема ромска населба во Скопје, исто така беа замолени да се вклучат во курсот. Рома заедницата во Топаана и во Шуто Оризари имаат диспропорцинална стапка на невработеност и сиромаштија. Ограниченото образование помеѓу ромите ги попречува не само нивната можност за вработување туку и нивната свест за човекови и здравствени права. Исто така, многу роми имаат малку лични документи, спречувајќи го нивниот пристап до најобичните и есенцијални услуги.

Околу 25% од Македонските роми над 25 години се аналфабети. Недостигот ог образование влијае кај жените особено поради нивната традиционална улога како згрижувачи на семејството, спречувајќи ги да се грижат за семејството и за нив самите на начин на којшто им прилега. Курсевите и подршката во Топаана беа сконцентрирани за да се соочат со овие проблеми: Irhom заврши четири курсеви по пишување во македонскиот јазик, два за везење и шивање и едва други курсеви по компјутери.

Силвана Матиловска, Обучувач во Курсот за Пишување: *"Целта на курсот за пишување е да се стимулираат жените за да продолжат со нивниот едукативен просец. Жените ја научија азбуката, читањето и основните математички сметања. Програмата на курсот беше дизајниран во таков начин, штп жените ќе можеа да ги посетат институциите самостојно, пазарот, болницата итн. По завршување на пазарот секој учесник ке добиеше сертификат. Прогресот на секој учесник беше документиран во индивидуален досиер"*

Самир Мустафа, Менаџер за Обука во Ирхом Топаана:

"Нашата НВО првпат спроведе проект на Еу во склоп на IPA IV. За мене тоа беше вистински успех, бидејќи и во Топаана и во Шуто Оризари овој беше прв проект на IPA IV. Во почетокот имаше потешкотии за нас бидејќи требаше да ги учиме новоите менаџерски процедури. На крај го зацврстивме нашиот капацитет на човечки ресурси во НВО-то. Жените беа многу заинтересирани за нашите курсви. Имавме голем број на заинтересирани жени кои што сакаа да учествуваат во такви курсеви. Морам да признаам, дека направивме голема работа! Им помогнавме на жените да ги зголемат нивниот капацитет и способност во различни области. Се покачи нивната свест за важноста на образованието и работата. "

Обучувачки Курсеви во Тетово

Во целост, 130 жени го имаат завршено струлчниот курс во Тетово Потребата за обучувачки курс во областа на везење и шивање беше доста голема. Модерните начини на шивање како и традиционалното плетење и везење беа научени во овој курс. Фризерството и курсот по компјутери исто така беа посетени. За споредба, курсот по домаќинство не беше толку популарен. Во вториот период курсот беше заменет со курс по готвење којшто се одржување во локален ресторан. Домаќинството, курсевите по компјутери и готвење сите беа одржани во Тетово. Фризерството, везењето и шивањето беа одржани по селата околу Тетово (Теарце, Першовце, Доброште и Шипковица), бидејќи секојдневно патување на жените до Тетово беше скапо и долго поради нивните обврски дома. Сите од учесничките во Тетово беа по потекло Албанки, како мнозинство во Тетово.

Во целост, еден курс за везење беше завршен во селото Доброште и еден во Теарце, еден курс за фризерство во селото Доброште и еден друг во селото Прешовце, два курса по шивање во селото Шипковица, еден курс по домаќинство, еден курс за готвење и два курса за компјутери во Тетово. 11 Жени во Тетово веќе имат најдено редовно работно место, 19 жени се само-вработени и 21 жена имаат план за сопствен бизнис.

Ардита Муареми, Менаџер за Обука во Тетово: *“овој проект беше убаво искуство! Во почетокот имавме неколку проблеми со документацијата, бидејќи ЕУ документите се различни од тие коишто сме ги направиле порано за проектот. Но постепено се навикнавме на новата практика. Курсевите по шивање, фризерство и курсот по готвење покажаа најголем интерес, додека најмалку покажа курсот за домаќинство.*

Ние ќе продолжиме да ги снабдиме жените со информации и да ги подржиме за да се вклучат во пазарот на трудот, затоа ќе бидеме во контакт со жените додека они не најдат работа.Несомнено големата потреба за учесничките во курсот ја подига свеста на жените за нивното вклучување во пазарот на трудот. Ние бевме изненадени колку жени сакаа да присуствуваат во курсот за бизнис. Откога го завршија курсот, видовме дека шансите за вработување се покачја. Особено, би сакала да подвлечам за соработката со ІВ, бидејќи тие ни одговорија на нашата молба и се најдоа таму за нас во секој момент. Исто така Министерството за Финансии и Министертвото за Труд и Социјала беа секогаш спремни за да не насочат во правиот пат.”

Курсеви за обука во Радовиш

Курсевите за обука во Радовиш беа спроведени од Derya и беа главно насочени кон Турците Јоруци во Радовиш. Јоруците до овој ден претставуваат различен сегмент на популацијата во Македонија и Тракија кои што се населиле во 14 век. Додека денес Јоруците во голем дел фатиле место, повеќето од нив уште продолжуваат со нивниот номадски и традиционален стил на живаање во рурални региони на Македонија.Услугите беа во ниво на потребите на жените земајќи ги во предвид нивниот рурален и традиционален начин на живеење. Уметноста на традиционалното везење беше дел од четити курсеви за везење и шиење кошто се одржаа во селата Прнали и Коџалија. Турците Јоруци сеуште ги користат традиционалните и колоритни носии везени со комплексни модели. Потребата за лица коишто ќе се јават на овој курс нормално беше голема. Двата други курса за шиење и везење се одржаа во Радовиш. Двата курсеви за фризерско се одржаа во фризерски салон во Радовиш од страна на сопственикот и фризерот на ова студио. 92 жени се здобија со сертификат за стручна обука при нокта на наградување во општина Радовиш. Неколку жени моментално аплицираат за работа во скоро реконструираните фабрики за облека во Радовиш.

Примеор од везење направен од жените во Радовиш

Слаѓана Соколова, Менаџер за Обука во Радовиш

“Во почетокот на обуката во Радовиш, интересот на учесниците беше доста низок и нивната посетителност не беше висока. Но после неколку часа интересот се покачи и нови учесници сакаа да партиципираат во обуката.

Курсевите за везење беа меѓу најпопуларните, поради текстилната инустрија која е во подем во Радовиш. Нашите учесници сакаа да научат многу брзо и покажаа голем интерес за техниките во везењето. Курсевите беа сметани како шанса за здобивање со нови способности за добивање на работа. До крајот на обуката, секоја жена беше обучена да шие облека сама. Ова помогна за помасовен интерес од другите жени. Ние сеуште добиваме многу барања од жените коишто доаѓаат во нашите канцеларии и прашуваат за нашите обучувачки можности.

Шеназ Дервишева, Обучувач во Курсот за Шиење во Коџалија

“Обично жените од тие села работат цел ден и немаат социјален живот. Стручните курсеви придонесуваат на вклучување на Турците Јорци во јавниот живот во селата на Радовиш. Морам да укажам дека мажите помогнаа многу во одржување на овие курсеви.”

Програма за едукативна подршка

Услугите за едукативна подршка беа основен дел на курсот. При секоја фаза на курсот две недели беа ексклузивна закажани за програмата за едукативна подршка. Ова беше наменето за да се покачи самодовербата на жените, нивната подршка за влегување во пазарот на трудот и водење кон зајакнување на жените. Нашите учеснички можеа да одберат помеѓу неколку интерактивни и учерсничко-ориентирани работилници и/или предавања. Програмата за едукативна подршка беше отворена за додатни заинетересирани жени за да се вклучат семејства и заедници во аткивностите на проектот. Многу туѓинци ја искористија можноста за да го посетат центарот за обука и да се израмнат со обуката и услугите. Повеќе од 500 учесници беа регистрирани во листата на посетители.



Жените во Скопје учат да го создадат нивното CV

Програмат аво сите три града вклучуваше работилници и предавални за економското зацврстување на жените, здравствената едукација, заштитата на жените од рак и правата на жените. Последната недела за едукативна подршка од сеој курс беше искористен за да се подобрат знаењата на жените за процедурите за аплицирање на работа како и да се спремаат за пишување на апликација. Им беше отворена по една електронска пошта на секој учесник. Жените можеа да го спремаат нивното CV по Европски стандарди, и можеа да учат како секој од нив да бара работа на интернет.

Курс по Бизнис

При крајот на курсот по стручна обука, курсеви за развивањер на бизнис се одвиваа во центрите за обука во Скопје, Радовиш и Тетово. Жените учеснички беа обучени од специјалисти за основнити принципи како да се основа и да се води сопствен бизнис. Од една страна, жените кои учествуваа во курсот за стручна обука го посетуваа курсот како да се стартува еден бизнис. Дополнително, жените коишто не беа учеснички, и кои би сакале да основат еден таков беа поканети. 70 жени го завршија курсот по бизнис. Една недела после крајот на курсот, 10 од тие жени веќе планираа да почнат свој бизнис.

Живописна презентација во курсот за Бизнис во Тетово

Лидија Миленковска, Курсот по Бизнис во Скопје

"Во Република Македонија има мнгопу жени кои работат на црно. За да живеат во добро општество мора да се бориме против сивата економија. Мораме да им кажеме на жените дека тоа што ќе го везат дома на пример, подобро би било да го имаат како легален бизнис. Има многу поволности кога ќе збориме за регистрација: Прво, жените ќе имаат плати со вклучено осигурување. Второ, тие ќе имаат шанси за пензија кога ќе дојде време за тоа. Додека траеше курсот за бизнис, мојата цел беше да им ги покажам подобностите на основање и развивање на регистриран бизнис. Мојата цел беше да ги охрабрам жените да отвараат нови бизниси и да станат независни од нивните сопрузи"

Искуството на локалната проект менаџерка Есељ Мусли со курсевите за обука

Може ли да известувате за развивањето и потешкотиите на проектот?

Ние имаме имплементирано многу проекти но КЖЕМ проектот беше наш прв проект од EuropeAid. На почетокот беше многу тешко за нас да се справиме со ЕУ процедурите кои беа нови и комплицирани. По завршување на процедурите, успеавме да изменаџираме стручни курсеви и услуги за едукативна подршка. Откако бевме поканети во повеќе ТВ станици и по крајот на првата фаза на стручните курсеви станавме познати и нашиот успеџ беше добро познат за Општина Чаир, Тетово и Радовиш.

Што сметате дека ќе биде вашиот најголем успех во овој проект?

Тоа што ме прави горда е фактот дека нашата организација научи како да работи како едно професионално НВО. Нашата документација уи системот за архивирање видно е подобрен. За прв пат нашето НВО има можност да вработи стаф и нашиот оддел за човечки ресурси станал појак како никогаш порано. Ние, проект менаџерите имаме шанса да бидеме дел на различни ІВ семинари за подобрување на нашато ЕУ и менаџерско знаење. Многу жени најдоа работа! Тоа е еден извондреден факт. Но исто така визијата на тие, кои уште не нашле работа, е сменета веќе. Сега тие сакаат да бидат поактивни во јавноста и сакаат да работат.

Пренос на знаење

Еден од најважните предуслови за успешна имплементација и водење на активностите за обука беше преносот и размената на знаења и експертизата помеѓу партнерите. Поради ова, менаџирањето и работилниците за обука беа организирани рано во проектот. Работилниците за обука беа наменети за пренесување знаење од IB до локалните партнери за тоа како да се основа и води еден центар за обука. Другите работилници за менаџирање и обука почнаа во средина на проектот за да се постигне максимум бенефиции од курсевите за обука и работата на партнерите.

Додека траеја работилнице за менаџирање локалниот стаф на менаџери од трие организации научи за најдобрите практични методи на документирање и известување, ефикасно менаџирање на задачите, стратегии за вклучување и подобрување на соработката со партнери и компании за време на проектот, и методи за квалитетно да се мониторира и постига успехот на проектот како и имплементирање на пристапот на Continuous Improvement Processes (CIP). Втората работилница за менаџирање беше наменета за да се спроведат внатрешни ревизии во присуство на соодветните менаџески тимови на трите организации. Оваа комбинација на ревизија и обука излезе како успешна алатка во : предвидување на резултатите, како подобрената документација, беа поевидентни отколку во првата менаџерска обука.

За време на работилниците на обука обучувачите имаа увид различни методолошки учења и дидактики. Главниот фокус лежеше на програмата и развојот на содржината како и евалуацијата на процесот и продуктите. Втората работилница беше подготвена базирано на искуството и проблемите на учителите со кои тие се соочувале за време на курсот. Има голема потреба помеѓу обучувачите за да зборат за нивните мотивациски проблеми како и за компилација на документацијата на курсот. Заедно со менаџерите, документацијата беше реорганизирана, документите како и профилирањето на учесниците беше подобрен. Понатаму, се одржа состанокот за одржливоста за да се дискутира за континуитетот на стручниот курс и услугата за подршка додека фондот не заврши. Проблемите како политичка подршка, финансиската потреба и пречките како и алтернативната подршка за момент преку социјалните партнерства со локална економија беа дел од агендата. Ское НВО дефинираше пробен акционен план.



IB модел за пренос на знаење

КЖЕЗ факти и бројки

За време на проектот, 415 жени беа обучени во три градови и осум различни локации. Само неколку од нив не успеаа да ги завршат нивните студии како причина на нивните семејни околности. Во тотал, центрите за обука одржаа 36 курсеви за обука. 193 учеснички го завршија стручниот курс во Скопје 92 во Радовиш и околните села и 130 учеснички курсевите во Тетово и во околните села. Повеќе од 500 учеснички ги посетија центрите за обука во сите три локации.

32 жени најдоа редовна работа 19 жени се само-вработени и дополнителни 24 жени планираат да регистрираат бизнис.

За време на курсот 129 учесничките беа во возраст од 15 до 24, 228 учеснички беа помеѓу 25 и 49 години и само 7 учеснички од 50 до 64.

144 учеснички кои што ги посетија курсевите имаа средно, 45 учеснички имаа високо образование. Како и да е 70 учеснички кои што го посетија курсот немаа ни основно или било какво образование, 40 од кои беа Ромки и 28 Турци Јоруци. 144 учеснички имаа само основно образование.

163 беа Албанки 107 Турчинки, 81 Ромки, 34 Босанки, 23 Македонки and 2 Влахинки.

Резултати и одзив од Таргет Групата

Како целина, курсот за обука имаше видлив импакт особено на психолошки начин: студентите го сменија нивниот начин на гледање на животот о врска со позицијата и ситуацијата за вработување на жените во општеството, се здобија со само-доверба, како и доверба до ефикасноста на нашата модерна технологија. Како резултат на сево ова и на курсот од лични дискусии и прашалници, многу од студентите покажаа интерес да го сменат нивниот живот на подобро. Ова беше главен фактор којшто гаранатираше подобрување на само-проценување, реализација на важоста на потенцијалот и капацитетот на единката.

Жените исто така дадоа интересни изјави во врска со курсот: 97% од нив се согласија дека се обучиле многу од курсот. Повеќе од 89% од нив сега се сметаат себеси за квалификувани и спремни за пазарот на трудот. Ова е индикација дека жените сега се свесни за нивните спобности и капацитети и не се плашат дека нема да се вработат. Речиси сите жени сега се спремни да аплицираат за работа.

Најгоре лево: Учесниците за време на церемонијата за сертификати во Радовиш, Нов 201
Најгоре десно: Претседателот на општина Тетово, Теута Арифи, ги издава сертификатите во Тетово, Март 2014
Најдоле Лево : Две учеснички од курсот за компјутери за време на церемонијата за компјутери во Скопје

"Не сум истата личност што бев пред да се запишам на овој курс."

Емине Ибрахими, 23 годишна, учествуваше во курсот за шиење и везење во Топаана и нашла работа во текстилна компанија во Скопје.

Што придобивте од овој курс? *За време на овој курс се здобив со основните знаења од областа на шиење и везење. Курсот ми ја подигна свеста за важноста на вработување. Жените коишто работат стануваат поеманципирани во општеството и се понезависни. Со помош на сертификатот најдов работа во Холандска текстилна компанија во Македонија. Сертификатот беше многу важен и затоа комитетот на фабриката ме одбраа мене.*

Кое е вашето мислење за овој тип на курсеви? *Ја советувам секоја жена да посети вакви проекти. Никогаш не знаете колку ќе успеете, ако не ги пробате нештата.*

Зимка Мурат, 19 годишна, учествуваше во курсот за шиење и везење во Топаана и доби работа во фабрика за текстил.

Дали ви помогна курсот за да ја подигате вашата свест за важноста да работите некаде? *Да. Курсот ми помогна да ја подигам мојата свест за важноста за вработување. Што повеќе заработува една жена, полесно е за неа да ја подигне свеста во повеќе области.*

Што ви се допадна највеќе? *Со помош на едукативните курсеви, во коишто јас учествував за прв пат, разбрав за важноста на онлајн алатките за барање работа. Порано, не бев свесна за важноста за аплицирање за работа преку интернет. Секоја жена треба да има основни компјутерски знаера и треба да отвори електронска пошта.*

Вашиот совет за невработените жени *Ја советувам секоја жена којашто седи дома да аплицира и да посети еден ваков курс за да биде дел од општествениот развој..*

Мевлуда Цулјевиќ, 27 годишна, го посети курсот за шиење и везење во Скопје. Таа се вработи во текстилна компанија.

Зошто го посетивте курсот? За мене беше важно да се најдам себеси во комуникација со другите. Добро е да се научи нешто. Ако седев дома, не ќе бев во можност да научам било што. Исто немаше да ја добијам шансата да се запознаам со други луѓе.

Може ли курсот да ја подига свеста за важноста на работата? Да. Јас сум задоволна со знаењето што го здобив. Пред да дојдам тука, ниту знаев како изгледаат машините за везење, ниту што е тоа интернет. Со знаењето од курсот успеав да најдам работа. Ако не ги добив потребните знаења, немаше да успеам да најдам работа.

Што би ги соватувале другите жени? *Мојот совет до жените е да ги посетат курсевите од овој тип. Првин направјте го тоа за себе, потоа за наоѓање работа. Ќе се почуствувате подруго. Јас не сум истата личност што бев, пред да го посетам курсов.*

Препораки во одржување курсеви за обука

Анализа на пазарот

Особено ако сакате да дадете обука на клиенти кои што сами плаќаат, клучно е да се анализира пазарот. Различни аспекти кои треба да ги земате предвид:

- ✓ Податоци за таргет групата.
- ✓ Структурални податоци за економскиот раст секторите.
- ✓ Анализа на пазарот на трудот: какви квалификации се потребни за фирмите? Кои обучени луѓе се веќе достапни? Како се очекува да се развива ситуацијата на трудот?
- ✓ Демографски развиток: Како ќе расте населението? Како ќе се развие таргет групата?
- ✓ Конкуренција: Кои конкуренти се таму и какви обуки/услуги даваат со која цена? Кои ниши се таму? Каде е недостигот од услуга?

Придобивање на интересот на таргет групата

Откога сте пристапиле кон ситуацијата на пазарот и сте одлучиле на кои услуги и обуки ќе се фокусирате, таргет групата мора да биде информирана за понудата. Многу е важно да се најде добра стратегија како да се придобие интересот на истата:

- ✓ Стратегии за маркетинг: Поставување на цели, дефиниција на таргет група, одлука за медиумот, одлука за буџетот, формулација на пораката.
- ✓ Работа на печатот: Земајќи во предвид лошите и добрите страни на печатот, дефинирање на прес агенциите и давателите на вестите зависно сетираните цели.
- ✓ Јавни односи: развивање на стратегија за односи со јавноста бклучувајќи настани, отворени денови, учество во регионални празници, саем итн, иницирање на проекти со јавни институции, канење на спиекри како гости.
- ✓ Нов медиум: Анализирање на потребата за медиум од таргет групата, употребувајќи ги социјалните мрежи и нови технологии за вклучување на таргет групите.

Мотивација на таргет групата

Еднаш откога сме добиле интерес на таргет групата, тиа мора да се мотивираат за да редовно учествуваат и останат во курсот. Следните аспекти мора да се земат предвид:

- ✓ Карактеристики на таргет групата:
  - o Кои се заедничките точки на учесниците?
  - o Има ли некакви пречки за да се учествува?
  - o Како е сопствениот крај и општото поставање кон оваа средина(верски, либерален, конзервативен итн..)?
  - o Кој е односот и ставот на таргет групата (само-доверба, анксиозност итн)?
- ✓ Симулирање на вродени и здобиени мотивации застудентите.
- ✓ Спроведување на регуларни оценувања вклучувајќи прашања за мотивацијата.
- ✓ За учесниците кои што го посетуваат курсот за основни способности како што е пишувањето:
  - o Наоѓање начин за проценка на учесникот,
  - o Препознавање на различните причини за недостатокот на образование и вработување,

- Препознавање на различните перформанси на учесниците во нивниот секојдневен живот,
- Препознавање на способностите кои што се покажани во овие перформанси.

✓ Нудење на работилници за обука за мотивација на учесниците.
✓ Давање на детско згрижување за жените/учесници со мали деца.
✓ Пренесување на студентите искуството со слични позадини, особено на бизнис жените кои што планираат да започнат бизнис.

Ефикасно менаџирање & мониторирање

✓ Потребната документација на активностите и финансиските проблеми може да се клучен фактор за успехот на курсот.
✓ Многу е важно да се направи редовно наблудување на пазарот на трудот и да се одлучи за потребните професии.
✓ Важно е да се засили капацитетот на обучувачите во однос на спремање на возрасните и да на менаџерскиот тим во однос на квалитетно оценување на процесот.
✓ Програмата за курс за стручна обука треба да е ориентиран кон практика. Посети на компании и директен контакт на вработените значително може да придонесат за да се научи прогресот и мотивот за да се аплицира за овие работи.
✓ За да се мотивираат жените невработени и да се привлечат заинтересираните страни, релевантно е да се употреби потенцијалот на медиумите.

Ако твоеите курсеви се финансираат од Европската Унија…

✓ Прочитај го грант договорот внимателно и во детали.
✓ Спроведи извештај за активностите и финансиите во согласност со ЕУ регулативата.
✓ Осигурај се дека фондовите се трошат согласно упаствата на PRAG (*Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions.*
✓ *Осигурај се дека правилата на ЕУ и упатствата на Communication and Visibility Manual for EU External Actions се аплицираат.*
✓ *Не се двоумете да го прашате вашиот мониторинг претпоставен и Договорната Странка за совет и помош во администрација и имплементација на вашиот проект.*
✓ *Запознајте го системското мониторирање и оценувачки систем и користеи ги за да ги подобриш твоите активности и резултати.*
✓ *Забележи ги сите активности и сите коресподенции со донерите и Договорната Страна.*
✓ *Бидете спремни за оценувачки посети од страна на вашата Договорна Страна. Потрудете се да ги имате сите релевантни потребни документи при рака.*

Аплицирање за Фондови од ЕУ

Има неколку можности за да се аплицира за Европски фондови и обуки. Во сегашно време, има три различни механизми на финансирање: The Instrument for Pre-Accession (IPA) под the European Commission's Directorate General for Enlargement, тематски програми под DG за Развој и Соработка и различни општествени програми.како Erasmus+ во областите на образованието и обучувањето.Делегацијата на ЕУ во Република Македонија дава информации за тендерските можности во нејзината веб страна:http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia-/index_en.htm.

Ако планирате да аплицирате за фонд, предлогот треба да биде дизајниран и со елаборат во најдобриот можен начин:

Чекор 1: Сознај ги можностите за финансирање!

Пребарај за можностите за финансирање

- ✓ Одржи системско неделно истражување за нови повици, провери ве страни на ЕУ за финансирање и провери ги клучните програмски документи за било какви ажурарања.
- ✓ Посети мрежи на настани и конференции за да бидеш во чекор со клучните чинители и другите организации активни во истата област. Ова ке ти помогне за бидеш во тек не само со можностите за финансирање и со последните вести и случувања, но исто така и со опсегот на другите тдавателиа на обуки и твоите конкурентни.

Чекор 2: Сознај ги потребите на твојата таргет група!

Подготовки

- ✓ Разгледај дали твојата организација има капацитет да добие и да менаџира со грант.
- ✓ Дизајнирај проект кој служи и за потребите на таргет заедницата и на твојата организација.
- ✓ Употреби ги службените податоци, извештаи, публикации и академски истражувачки трудови за да собереш кредибилни и валидни информации за проблемот којшто планираш да го работиш.

Чекор 3: Основај продуктивна и цврсто партнерство

Чинители и партнери

✓ Спроведи акционерска анализа и собери ги мислењата и советите на истите. Обиди се да создадеш сојужништво за да те подржат одкога проектот ке биде имплементиран

✓ Ако твојот проект има потреба од проект партнерство инвестирај квалитетно време во наогање на правата партнерска организација што е можно побрзо.

✓ Биди сигурен дека твоите партнери се подобни со критериумите дефинирани во упатството.

✓ Изгради цврсто проектно партнерство во склоп на проектот со сите чинители и соработници околу него.

- ✓ Ако е можно сретни ги твоите партнери однапред или употреби алтернативни методи како што е Skype за да се сретнеш и да го дискутираш проектот.
- ✓ Транспарентност на административните и финансиските проблеми е есенцијално.

Чекор 4: Нацртај еден робустен концепт!

Преглед и лого рамка на проектот

✓ Развиј една матрица на логична рамка пред да го напишеш проектниот предлог. Под EuropeAid облигаторно е да се достави една логична рамка како Анекс за проектните предлози. Навистина логичната рамка е една ефикасна алатка за да се структурираат вашите објективи и идеи и за да се проверат за логичност и конзистентност како и да се нацртаат индикатори кои што можат да се користат подоцна за да се прати прогресот кон целите. Високиот квалитет на логичната рамка треба да биде почетната точка за дизајнот на твојот проект.

✓ Провери дали сите активности се директно релевантни за постигање на очекуваните резултати.Тестирај ја логичната рамка за да се осигураш дека е навистина логично.

- ✓ Вклучи ги партнерите и стафот додека ја пишуваш логичната рамка и побарај надворешни совети за да ја провериш.
- ✓ Прочитај го упатството и придружните документи со внимание. Немој да испуштиш ниту еден детал. Прилагоди го твојот концепт и логичната рамка кон објективите на упатството.
- ✓ Напиши резиме на проектот потцртувајки ги целите и планираните активности, и презентирај им го тоа на твоите партнери и соработници.
- ✓ Ако имате потреба од упатство и обучувачки материјали за развивање на проект, тоа можете да го спуштите од Упатството за циклусно менаџирање на проекти на Европската Комисија во Мултимедијалната Библиотека на веб страната на EuropeAid: http://ec.europa.eu/europeaid/-multimedia/index_en.htm

Чекор 5: Дизајнирање на успешен предлог проект!

Предлог проектот

- ✓ Процесот на завршување на целиот предлог проект е помалку компликуван, штом ке го дизајнирате робусната логична рамка и сте ги собирале и анализирале различните податоци.
- ✓ Соберети ги сите потребни документи на вашата организација и на вашите партнери што е можно порано.
- ✓ Не го надминете максималниот број на ознаки или страни кои што се дозволени!
- ✓ Завршете го секој дел од формуларот за апликација според дадените упатства.
- ✓ Внимателно следете ги упатствата во врска со роковите и документите кои треба да се приложат.
- ✓ Внимателно одебрети ги процедурите и критериумите за оценување коишто се типично наведено за упатството.

Чекор 6: Среди го твојот буџет!

Формирање на буџет

- ✓ Треба да се внимава на формирање на буџетот со посебно внимание кон законите за труд и данок на Република Македонија.
- ✓ Обиди се да ги разбереш концептите на буџетот следи го внимателно упатството за буџетот и осигурај се да не ги индицираш деловите коишто не ги исполнуваат критериумите.
- ✓ Од голема важност е да се спремаат проценките точно. Ако калкулирате превисоко може да не добиете грант;Ако калкулирате премалку, може нема да ги покриете сите ваши трошици.Истражувајте ги внимателно сите трошоци за реализирање на вашите проектни активности.
- ✓ Создавајте детален и реалистичен костоплан заедно со вашите партнери.
- ✓ Покријте ги сите ваши реални трошоци во калкулацијата вклучувајки ги директните трошоци за труд, трошоците за менаџментот и администрацијата, трошоците за материјали, опрема, кирија и трошоците за патување.Исто така треба да има интернет, електрична струја, вода, и трошоци за затоплување коишто треба да се земаат во предвид.
- ✓ Вклучи ги сите предвидувања за индиректни трошоци. Овие секогаш се потешки за проценување но треба да сте свесни за нив и да ги уважувате во вашиот буџет.
- ✓ Не ги договорете со други вашите надлежности.

The European Union

The European Union is made up of 28 Member States who have decided to gradually link together their know-how, resources and destinies. Together, during a period of enlargement of 50 years, they have built a zone of stability, democracy and sustainable development whilst maintaining cultural diversity, tolerance and individual freedoms. The European Union is committed to sharing its achievements and its values with countries and peoples beyond its borders. The European Commission is the EU's executive body.

This project was implemented
by Internationaler Bund (IB) and partners